**ЈАВЕН ПОВИК за избор на снимател и едитор на едукативни видеа за потребите на Здружение на граѓани Граѓански Патеки**




Ко-финансирано од Европската Унија

граѓански патеки civic tracks

#нашитемедиуми

Здружение на граѓани Граѓански патеки објавува оглас за ангажирање на надворешен соработник – снимател и едитор на едукативни видеа за потребите на Здружение на граѓани Граѓански патеки во рамките на проектот „Младинска медиумска лабораторија“.

**За проектот**

Главна цел на проектот е подигање на нивото на медиумска писменост кај младите пред се преку едукација и зајакнување на вештините на младите за критичко разбирање на медиумските содржини и градење отпорност кон дезинформации.

Проектот „Младинска медиумска лабораторија“ го имплементира граѓанската организација „Граѓански Патеки“ во партнерство со здруженијата „ИКТ Свет“, „Журналист“, „Од млади за млади“, „Младинска Граѓанска Акција“ и „Еко герила Преспа“ во рамките на регионалната

програма „Нашите медиуми: Акција на граѓанското општество за поттикнување на медиумска писменост и активизам, спротивставување на поларизацијата и промовирање на дијалогот“, која се имплементира со финансиска поддршка на Европската Унија од партнерските организации СЕЕНПМ, Албанскиот институт за медиуми, Медиацентар Сараево, Советот за медиуми на Косово, Црногорски институт за медиуми, Македонски институт за медиуми, Новосадската школа за новинарство, Мировен институт и Бианет.

**Опис на работен ангажман**

Заради исполнувањето на ангажманот предмет на овој јавен повик соработникот треба да ги спроведе следните работни задачи:

Снимање и едитирање на 5 видеа со вкупно времетраење од 50 минути.

Соработникот треба да биде во редовна координација со проектниот тим при спроведувањето на работните задачи.

Работниот ангажман ќе се одвива во периодот 14 мај – 31 мај 2025 (во термини во договор со ЗГ Граѓански патеки). Снимањето ќе се одвива во Битола.

По завршувањето на снимањата соработникот има обврска да го едитира снимениот материјал и да го достави финалниот видео производ до ЗГ Граѓански Патеки, по претходно договорена временска рамка.

**Потребни квалификации:**

- Најмалку 3-годишно релевантно работно искуство во снимање и едитирање на видеа.
- Проактивност и висока исполнителност со минимален надзор;
- Докажани способности за планирање и организација и имплементација на активности од зачеток до финално известување;
- Способност за тимска работа во средина во која се почитуваат и промовираат различностите.
- Претходно искуство во соработка со граѓански сектор ќе се смета за предност.

**Начин на аплицирање:**

Сите заинтересирани кандидати, преку електронска пошта, на graganskipateki@gmail.com, треба да ги доставаат следните документи:

- Кратка биографија
- Финансиска понуда
- Линкови од претходна работа на видео проекти

Како наслов на електронската порака наведете: Понуда за снимател и едитор на едукативни видеа.

**Понудата треба да се достави не подоцна од 13.05.2025 до 23:59 часот.**

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.
На повикот имаат право да се пријават сите заинтересѝирани правни и физички лица.

Процедура за избор: Граѓански патеки ќе ги вреднува понудите според обемот и квалитетот на активностите предвидени во концептот, понудената цена и искуството на понудувачот.

Изборот ќе се изврши според следните критериуми:

- Техничка исправност 30%
- Искуство 40%
- Финансиска понуда 30%

Граѓански патеки го задржува правото да избере една или неколку понуди целосно или делумно или да не одбере ниту една од понудите. Граѓански патеки се обврзува дека нема да ги користи избраните и одбиените понуди за други цели.

Сопственост: Продуктите кои ќе произлезат од ангажманот ќе останат во сопственост на Граѓански патеки. Добавувачот се согласува да не ги користи продуктите надвор од овој ангажман без претходна писмена согласност од Граѓански патеки.

За повеќе информации и/или прашања обратете се на graganskipateki@gmail.com